**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130 faksi.02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

________________

________________

**СКОПЈЕ**

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по Извештајот за констатирана состојба бр. од 12.12.2024 година по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Х.Т., судија на О.С. Б., врз основа на член 69 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (”Службен весник на РСМ” бр.102/19) на седницата одржана на ден 25.12.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

На на Х.Т., судија на О.С. Б. **МУ СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка - намалување на платата во висина од 15% од месечната плата на судија во траење од 3 (три) месеци согласно член 78 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.96/19) за сторена повреда од член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите .

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија е поднесено Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на на Х.Т., судија на ОС Б. заведено под бр. од 19.07.2024 година , од страна на претседателот на ОС Б. м-р Т.П. заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција согласно на член 76 став 1 точка 4 и член 76 став 1 точка 5 од Законот за судовите.

До Судскиот совет на Република Северна Македонија членот на Советот П.Ц. поднесе Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Х.Т.,

судија на ОС Б. заведено под бр. од 26.08.2024 година, за сторена повреда од член 76 став 1 точка 4 и член 74 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Со одлука на Советот бр. од 08.11.2024 година предметот оформен по барањето бр. се спојува кон предметот бр. и согласно член 9 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ, за судијата Х.Т., судија на ОС Б. по двете барања се води единствена постапка под бр.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 25.12.2024 година расправеше по Извештајот на Комисијата на известители по предметното барање и од изведените докази ја утврди следната фактичка состојба:

Од наводите во барањето бр. според подносителот по извршена контрола од страна на судии на АС Б. по однос на работата на судиите во О.С. Б. во однос на предмети кои се водат како стари, од страна на претседателот на О.С. Б. извршена била контрола на старите предмети кои се водат кај судијата Х.Т. со цел да се превземат дејствија за намалување на заостаток на нерешени предмети. При таа контрола и од констатираната состојба а заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција согласно на член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите , дека без оправдани причини судијата не ги закажува рочиштата по предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја одолговлекува постапката и согласно член 76 став 1 точка 5 од Законот за судовите не го зема предметот во работа заради што настапила застареност на кривичното гонење односно прекршочно гонење и тоа во следните предмети: ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр. ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр. ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр.

Од наводите во барањето бр. споено кон предметното барање бр. според подносителот постапувајќи по предметот ПРКС.бр. судијата Х.Т. постапил спротивно на одредбите од ЗКП и Судскиот деловник на начин што ја одолговлекувал постапката без оправдани причини затоа што од завршување на главниот претрес до донесување на одлуката-решението во предметот дозволил да измине неразумно долг период од законски предвидениот сметано од одржување на главниот претрес до писмено изготвување на одлуката-решението за отфрлање. Поради тоа предлага да се утврди одговорност за сторена повреда од член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите и да биде разрешен од судиската функција поради нестручно и несовесно

вршење на судиската функција согласно член 74 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите или да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Од изведените докази во текот на постапката се утврди дека судијата Х.Т. како судија на ОС Б. постапувал по предметите ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр. ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр. ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-С-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-Ј-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр., ПРК-О-.бр. и тоа:

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 13.01.2022 година, завршен на 24.03.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 14.02.2022 година , завршен на 04.04.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 17.01.2022 година, завршен на 11.05.2023 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 01.02.2022 година, завршен на 05.04.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 17.02.2022 година, завршен на 12.04.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 01.03.2022 година, закажан претрес на 15.04.2022 година, не постои записник, дали претресот е одржан или не, односно дали е донесена одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 14.03.2022 година, завршен на 05.05.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 29.03.2022 година, завршен на 22.12.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 10.05.2022 година, завршен на 22.12.2022 година, нема изготвено одлука.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 01.06.2021 година. Преиначен со пресуда на АС Б. ПРКЖ-.бр. од 20.03.2024 година, бидејќи настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка согласно ЗПП.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 02.09.2021 година. Преиначен со решение на АС Б. ПРКЖ-бр. од 21.02.2024 година, бидејки настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка согласно ЗПП.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 10.07.2020 година. Преиначен со пресуда на АС Б. ПРКЖ.бр. од 21.02.2024 година, бидејки настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка согласно ЗПП

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 24.03.2020 година. Преиначен со пресуда на АС Б. ПРКЖ.бр. од 21.02.2024 година, бидејки настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка согласно ЗПП .

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 10.02.2020 година. Преиначен со пресуда на АС Б. ПРКЖ.бр. од 20.03.2024 година, бидејки настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка согласно ЗПП.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 13.01.2022 година, воопшто не се превземени никакви дејствија.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 10.05.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 13.01.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 01.11.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-С-.бр. во О.С. Б. е примен на 17.02.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 11.09.2018 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 09.03.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката .

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б.е примен на 20.01.2020 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 29.01.2020 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 03.03.2020 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 06.04.2021 годин, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 21.04.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр.во О.С. Б. е примен на 18.11.2020 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 02.03.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 07.06.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предмет ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 02.09.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предмет ПРК-Ј-.бр. во О.С. Б. е примен на 20.12.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предмет ПРК-О-.бр. во О.С. Б. е примен на 16.03.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-О-.бр. во О.С. Б. е примен на 18.09.2020 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-О-.бр. во О.С. Б. е примен на 31.08.2021 година, неосновано се одолговлекува постапката.

Предметот ПРК-О-.бр. во О.С. Б. е примен на 31.01.2022 година, неосновано се одолговлекува постапката.

При утврдување на дисциплинската мерка Советот ги имаше предвид наводите на судијата Х.Т., дека изнесените наводи во барањата за прекршочните предмети се неосновани. Ова од причини дека направените пропусти се од објективна природа, како зголемиот обем на предмети во работа, големиот прилив на предмети во судот, судијата една година бил распореден и да работи во претходна постапка, дел од предметите се тешки и сложени, како причина за заостатокот е неуредна достава до обвинетите кои се надвор од РСМ, како во предметите ПРКС и ПРКО каде најчесто странките се лица кои се надвор од државата или се правни лица кои што се странци регистрирани во земјата и заминати. За ПРКЈ предметите кои се

заведени по приватна кривична тужба а за кои истовремено заведен е и кривичен предмет па прекршочната постапка е во прекин со задолжение странките да го известат судот кога ќе заврши кривичната постапка, за што најчесто и не известуваат. Во однос на наводите дека не изготвил одлуки по некои од предмети го наведе проблемот со стручниот соработник со кого не биле на исти став и мислење во изготвување на одлуките односно истиот не ги изготвувал одлуките по неговите насоки кои судијата не ги потпишувал и не ги верификувал. За предметите за кои има одолговлекувањето на постапката наведува дека истото не е по негова вина, најчесто тоа е поради неуредна достава и поради барањата на адвокатите за одлагања на рочиштата. За застарените предмети наведува дека не било со намера и дека сите претходни околности довеле до оваа состојба, пред се големиот број на предмети во работа.

По оценка на Советот погоре наведените олеснителни околности даваат основа за изрекување на дисциплинска мерка со која ќе се исполни целта на изрекување на мерката, воспитно да дејствува врз сите, не само врз судијата, имајќи ја притоа предвид и интенцијата на Законот за Судскиот совет на РСМ за степенување на казнувањето преку изрекување на дисциплински мерки наспроти разрешувањето, кои даваат основа во конкретниот случај постапувањето на судијата да се оквалификува како повреда за која му се изрекува дисциплинска мерка. Ова од причини што сторената повреда по оценка на Советот судијата ја сторил без намера но со очигледна небрежност без оправдани причини особено имајќи го предвид фактот дека се работи за ненамерен пропуст, меѓутоа ова не ја исклучува одговорноста како судија да внимава во иднина да не се сторуваат било какви повреди во насока на одолговлекување на постапката. При утврдување на одговорноста земени се предвид тежината на повредата ,степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата како и последиците од повредата. Ова дотолку повеќе што Судскиот совет има должност да ја зачува довербата на судството во очите на јавноста и правната сигурност на граѓаните.

Врз основа на овие околности на судијата изречена му е дисциплинска мерка - намалување на плата во висина од 15% од месечната плата на судијата во траење од 3 (три) месеци за сторената повреда од член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите. Советот смета дека со наведената мерка ќе се исполни целта на истата, воспитно да делува врз судијата против кого се водеше постапката за утврдување на одговорност во насока на зголемување на неговата одговорност и потемелен пристап, а со цел спречување на сторување на повреди од ваков вид во иднина .

Одлучено во Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 25.12.2024 година.

**Правна поука:** Против оваа решение судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS**
**SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**Hanif Zendeli**

ДН:
-Судија Х.Т.
-подносител
-архива